*СТОЈАН ЈОРДАНОСКИ*

# РАЗВОЈОТ НА САМОУПРАВУВАЊЕТО ВО ОБРАЗОВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ И НЕГОВОТО ЗНАЧЕЊЕ ЗА САМОУПРАВНОТО КОНСТИТУИРАЊЕ НА ЦЕЛАТА ОБЛАСТ НА ВОСПИТАНИЕТО И ОБРАЗОВАНИЕТО

Самоуправувањето во воспитно-образовната дејност се развива во тесна врска со развојот на самоуправувањето во општеството како целина, но во согласност и со природата на трудот во оваа дејност. Кога воспитно-образовната дејност ќе се земе како посебна област во својата целина, тогаш самоуправувањето во општеството воопшто и самоуправувањето во самото образование се покажуваат како две страни на таа целина кои се во органска меѓузависност. Ако се претпостави дека во другите сфери на трудот постои развиено самоуправување до одреден степен, тогаш тоа бара исто толку развиено самоуправување и во образовните институции каде што се одвива вистинскиот процес на воспитанието и образованието. Без тоа не би имало суштинско самоуправно поврзување и таканаречена слободна размена на трудот. Оттука и потребата да се изучуваат можностите за суштинско самоуправување во самите образовни институции на денешниот степен од развојот на социјалистичкото самоуправување во теориска и практична смисла и тоа најмалку од два аспекта: за поголема ефикасност на трудот во самите образовни институции и, врз таа основа, за содржајно самоуправно конституирање на воспитно-образовната област како целина по однос на нејзиното самоуправно поврзување со другите области на трудот и животот во општеството. Во таа смисла овде се прави само обид да се отвори проблемот и да се укаже на можните насоки на натамошните истражувања.

Самоуправувањето во областа на воспитанието и образованието во нашата земја денес мора да се посматра во органска врска со сегшниот степен од развојот на социјалистичкото самоуправување во теориска и практична смисла. Инаку, како што е познато, основната смисла на социјалистичкото самоуправување е во економското,

Објавено во сп. „Инструктор“, Белград 1975.

политичкото и секакво друго разотуѓување на работниот човек и граѓанин. Но, прашање е како оваа стратешка определба досега се остварувала во различните сфери на трудот и животот, па и во сферата на образованието. Општо земено може да се рече дека и досега се правени значајни напори и постигнати значајни резултати, но се пројавени и значајни слабости и недоследности. Сега, пак, се работи за тоа како да се искористат новите услови кои што даваат можност за многу поголеми постигања. Станува збор за новите уставни решенија со кои социјалистичкото самоуправување се настојува да се подигне на квалитативно повисоко ниво, како по однос на економското така и во поглед на политичкото разотуѓување.

Во овој контекст основната смисла и значење на самоуправувањето во областа на образованието, што е наша стварна тема, е во тоа и самото да придонесува за остварување на споменатата глобална цел. Но тоа не би било можно доколку и самата оваа област не би била самоуправно конституирана, односно ако не функционира самоуправно. Зашто, како што човекот се чувствува несреќен, понижен и сл. кога производите на неговиот труд ги користи некој друг и спротивно на неговите интереси, кога му се наметнуваат политички одлуки спротивни на неговите вистински интереси и желби и сл., исто така ќе биде несреќен кога општеството не му дава вистински можности да се образува или, пак, во текот на образованието да не може да ги развива своите потенцијални можности и сл. Ова може да се однесува дури и на состојбите и кога му е дадено право на образование и кога го учи она за што има поизразени способности, поголем интерес и сл., доколку со него како ученик или студент се постапува како со објект, зашто и во тие случаи се работи за разни видови наметнување. Тоа може да се однесува и на одмереноста на содржините, на односите наставник-ученик, на нивото на барањата и сл. Во човечката природа е секаквите видови наметнувања да создаваат одбојност, а од тоа да се раѓаат и разни видови на отпор. Со содржајното самоуправување во оваа област на човечкиот труд, како и во сите други области, би се надминала таквата одбојност и би се дошло до поголемо ослободување на свесната работна волја и затоа разбирливо е што на тој начин би се постигнале поголеми ефекти на трудот.

Но, дури и кога целите и предностите на самоуправувањето во областа на образованието глобално земено се јасни, нашата досегашна практика покажа дека нивното поцелосно реализирање воопшто не е лесна работа. Ова во добра мера и поради тоа што е потребно посуштествено самоуправно трансформирање на целата област, односно изградување на таков систем на социјалистичко самоуправување во кој сите делови координирано и успешно ќе функционираат, а досега немаше доволна правна основа за таква самоуправна координација.

Со новите уставни решенија се настојува таа состојба да се надмине, пред сè со воспоставувањето на суштинска поврзаност на воспитно-образовната дејност со останатите дејности во општеството во единствен систем на здружен труд, кој, со создавањето на

основните организации на здружен труд, со делегатскиот систем и сл., овозможува проширување и продлабочување на социјалистичкото самоуправување. Ваквото поврзување, покрај останатото, дава можност подобро да се согледа вистинското општествено значење на оваа дејност и положбата на работниците во неа да се изедначи со положбата на работниците во другите области на трудот. Имено, во новите самоуправни интересни заедници на образованието, каде и што се решаваат основните прашања кои се јавуваат како реални претпоставки за успешноста на наставата, се наоѓаат претставници на општеството кои ги застапуваат интересите на корисниците на воспитно-образовните услуги и претставници на дејноста која ги дава тие услуги, па на тој начин всушност се врши своевидна размена на трудот.

За низ оваа размена на трудот навистина да се изразува интересот на заинтересираните субјекти, мора да се претпостави самоуправно функционирање на двете страни на таа целина, односно на самоуправната интересна заедница. Ова поради тоа што таа заедница, настаната од потребата за натамошен развој на самоуправувањето, не смее да се претвори во орган што донесува одлуки кои не се вистински израз на интересите на самите корисници или даватели на овие услуги. Поради тоа во сегашната фаза од развојот на самоуправувањето во областа на образованието од витално значење е самоуправувањето, многу повеќе отколку досега, да се развива во самите образовни институции за да може од таа широка база да оди до највисоката самоуправна заедница. Без тоа областа на образованието само формално самоуправно би се поврзувала со другите сфери на трудот и животот, за кои овде се претпоставува дека се самоуправно организирани и така дејствуваат во остварувањето на оваа врска.

Ова е суштински поврзано и со една друга димензија која што уште подлабоко укажува на потребата од развој на самоуправувањето во самите образовни институции. Тоа е природата на трудот во областа на образованието која што е, така да се каже, мошне приемчива за самоуправните односи. Тоа е всушност специфична технологија на трудот која постојано треба да се има предвид и од неа да се изведуваат адекватни содржини и облици на самоуправувањето, а не тие механички да се пренесуваат од други области на трудот затоа што временски самоуправувањето таму порано се развило или од било кои други причини. Технологијата на трудот во областа на образованието, како што е познато, се одвива така што постојано се имаат предвид односите помеѓу наставникот и ученикот. А во исто време низ тие односи се остварува и врската помеѓу вистинските даватели и корисници на воспитно-образовните услуги, па таа содржина и треба да дојде до израз во самоуправните интересни заедници. Во односите наставник-ученик во самиот воспитно-образовен процес, на едно друго ниво, треба да биде присутна истата логика како и при доброто работење на самоуправните интересни заедници, а тоа е самоуправното надминување на објективни постојните спротивности. Во самоуправните интересни заедници такви спро-

тивности се, на пример, спротивностите меѓу потребите и можностите, меѓу непосредните и долгорочните интереси, меѓу локалните интереси и интересите на поширокатa општествена заедница, меѓу разните асоцијации внатре во самото образование, во определувањето на она што е приоритетно и она што не е приоритетно итн. Накусо, не се работи ниту за лажно прикривање на споменатите и други спротивности, ниту за нивно административно укинување, туку за нивно самоуправно и демократско разрешување.

И во образовните институции во односите меѓу наставниците и учениците како основни односи, исто така, објективно постојат повеќе спротивности. Тоа се спротивности кои му се својствени на самиот процес на стекнување на знаења, вештини и навики како, на пример, помеѓу одмереноста на содржините и можностите на учениците да ги сфатат и усвојат, движењето од еден степен на знаења кон друг, спротивности во процесот на вреднувањето на ученичките знаења итн.

За надминување на спротивностите од овој вид, а тоа значи и за подигање на квалитетот на трудот и неговата ефективност, придонесот на учениците и особено на студентите може да биде мошне значаен и тоа не само за подобрувањето на својата работа (учењето и останатите активности), туку и за работата на наставниците, односно за заедничката работа. Од позицијата на ученичката клупа може да се согледа многу нешто што се однесува до заедничката работа и односите во таа работа и тоа обично станува предмет на коментирање меѓу учениците. Во времето кога преовладувале авторитарни односи во образовните институции, тие коментари претставувале нешто што наставникот не треба да го чуе, зашто и покрај искреноста, правичноста и воопшто добрата намера на учениците, тоа би претставувало повреда на таквите авторитарни односи и би имало штетни последици за учениците. Затоа, доколку се сака развој на самоуправувањето во образовните институции, корисниците, добронамерните, објективните запазувања на учениците не само што не треба да бидат тајна, туку треба да се стимулираат и да им се даде соодветен организационен облик. На тој начин е можно учениците да постанат субјекти на својот развој.

Но, сепак, ова би било само општо посматрање на оваа проблематика. Нејзината натамошна разработка бара одделно да се разгледа прашањето до која мера учениците, со оглед на нивниот психофизички развој, се во можност да ја сфатат својата улога во тие односи, односно да дојдат до корисни запазувања. Се разбира, овие способности не се исти кај учениците од сите степени на образованието, па дури ни во рамките на еден степен. Од ова произлегува дека објективно не се подеднакви ни шансите во содржинска смисла односите да бидат подеднакво самоуправни. Тоа натаму значи дека на ова прашање треба да му се пристапи подиференцирано отколку досега. Тоа донекаде би ја усложило самоуправната организација на образовните институции, но во исто време би значело инсистирање на што посодржајно самоуправување каде во центарот на вниманието ќе биде основниот однос и поголема самоуправна одговорност.

Без таков пристап постојано би била присутна опасноста од формализирање на самоуправувањето, односно од земање предвид на содржини кои се од периферно значење во однос на целината. Може да се рече дека оваа појава денес доминира, што за вистинското самоуправување не е добро.

Само на прв поглед може да изгледа дека ваквото поопштествување на дејноста во образовните институции би значело мешање во стручноста на наставникот и неговите компетенции што од тоа произлегуваат. Се разбира, самоуправувањето не е за тоа да ја прегласува науката и врз таа основа дадената технологија, како што е и во другите области на човечкиот труд. Се работи за тоа самоуправувањето во областа на образованието, како и во општеството во целина, да се реализира како основен однос и со тоа да постане основен начин на воспитанието на личноста.

Несомнено е дека наведените, како и многу други прашања во врска со оваа проблематика заслужуваат натамошно проучување, зашто без вистинско, содржајно самоуправување во самите воспитно-образовни институции, тешко би можело да се дојде до вистинско самоуправно конституирање на целата воспитно-образовна дејност и нејзино самоуправно поврзување со останатите сфери на трудот во општеството.

*СТОЯН ЙОРДАНОСКИ*

## РАЗВИТИЕ САМОУПРАВЛЕНИЯ В САМИХ УЧРЕЖДЕНИЯХ ОБРАЗОВАНИЯ И ЕВО ЗНАЧЕНИЕ ДЛЯ САМОУПРАВНОВО КОНСТИТУИРОВАНИЯ ВСЕЙ ВОСПИТАТЕЛЬНО-ОБРАЗОВАТЕЛЬНОЙ ОБЛАСТИ

РЕЗЮМЕ

Развитие самоуправления в области образования нельзя рассматривать вне развития социалистического самоуправления в теоретическом и практическом плане ввиду многочисленных связей и взаимозависимости от отдельных сфер труда и труда в области образования. Эти связи и взаимозависимость существовале всегда, но здесь речь идет о том, чтобы они осуществлялись на качественно более высоком уровне, дающем возможности объективно существующие противоречия решать путем самоуправления и демократическим образом, вместо того, чтобы их прикрывать или же „решать“ административным путем. Смысл осуществления упомянутых взаимосвязей на основах самоуправления, кроме других ценностей, заключается в первую очередь в том, чтобы они представляли значительный фактор достижения более высоких результатов труда.

Чтобы осуществить это необходимо, чтобы эти связи были результатом определенного уровня развития самоуправления в самих учреждениях образования. Без этого эти связи осуществлялись бы лишь формально, ибо грозит постоянная опасность вырождения связей, например, бюрократизироваться и т.п.

С другой стороны, природа труда в области образования (учреждений образования) очень пригодна к отношениям на основах самоуправления. Отсюда, необходимость более систематически исследовать эту пригодность и то не только для достижения более высоких результатов в воспитноельно-образовательном процессе, но и в качестве основной предпосылки для конституирования всей воспитательно-образовательной области на основах самоуправления.